**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

| | |
|---|---|
| Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година | Предмет бр.: ИТ-04-82- А<br>Датум: 5. август 2008<br>Оригинал: англиски |

**Судии:** **Судија О-Гон Квон, дежурен судија**

**Секретар:** **г. Ханс Холтхуис**

**Датум на поднесување:** **5. август 2008**

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**ЉУБЕ БОШКОСКИ**
**ЈОХАН ТАРЧУЛОВСКИ**

*ЈАВНО*

# ОДЛУКА ПО ПОДНЕСОКОТ НА ЈОХАН ТАРЧУЛОВСКИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НАЈАВА ЗА ЖАЛБА

**Канцеларијата на Обвинителот:**

г. Питер Кремер

**Бранители на Обвинетите:**

г-ѓа Едина Решидовиќ и г. Гуенел Метро за Љубе Бошкоски
г. Антонио Апостолски за Јохан Тарчуловски

**ЈАС, О-ГОН КВОН,** судија на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (понатаму во текстот: Меѓународен суд), постапувајќи во мојата сегашна улога на дежурен судија;

**ИМАЈЌИ ЈА ПРЕДВИД** Пресудата што ја изрече Судскиот совет II за овој предмет на 10. јули 2008;[1]

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** „Налогот за доделување на судии за предмет пред Жалбениот совет и назначување на пред-жалбен судија" што го издаде Претседателот на Меѓународниот суд на 30. јули 2008;

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** „Поднесокот на Тарчуловски за продолжување на рокот за поднесување најава за жалба" (понатаму во текстот: Поднесок) којшто Јохан Тарчуловски (понатаму во текстот: Подносител) го поднесе на 22 јули 2008, а во кој Подносителот бара Жалбениот совет да му дозволи продолжување на рокот за поднесување најава за жалба за еден месец;[2]

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека во согласност со правилото 108 од Правилникот за постапки и докази на Меѓународниот суд (понатаму во текстот: Правилник), страната која бара да поднесе жалба по пресудата треба да поднесе најава за жалба во којашто ќе изложи врз основа на што ја темели жалбата, најмногу 30 дена од денот на изрекување на пресудата;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека во согласност со правилото 127(А)(i) и Б од Правилникот, Жалбениот совет може, ако бидат дадени добри причини во Поднесокот, да ги продолжи или скрати роковите предвидени со Правилникот;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека во согласност со правило 28(Г) (ii) и (Ѓ) од Правилникот, во случаи кога предметот е веќе доделен на Жалбениот совет и кога пријавата е поднесена во рамките на регуларното работно време до Секретаријатот, но Жалбениот совет не е достапен, по неа ќе решава дежурниот судија, доколку смета дека таа е итна или дека од други причини треба да го направи тоа во отсуство на Жалбениот совет;

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека за овој предмет веќе е определен Жалбен совет, но дека Меѓународниот суд во моментов е на одмор, па Жалбениот совет ќе биде недостапен до завршувањето на одморот;

---

[1] Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски, Предмет бр. ИТ-04-82-Т, Пресуда, 10. јули 2008.
[2] Поднесок, пар. 4 и 6.

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека временскиот рок за поднесување најава за жалба ќе истече на 11. август 2008, т.е. пред да заврши одморот на судот, и дека предметот е од итна важност;

**ДОНЕСУВАЈЌИ ЗАКЛУЧОК** дека јас сум овластен да решавам по Поднесокот;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека Подносителот тврди во Поднесокот дека неговата Одбрана се состои само од главен бранител и дека сега е во процес изборот на помошен бранител;[3]

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека Подносителот изнесува дека придонесот на новиот помошник бранител ќе биде од големо значење за составот на најавата за жалба и за поставување на основата на жалбата;[4]

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека Подносителот понатаму тврди дека „Пресудата содржи голем број правни и фактички грешки речиси во секој од деловите", па оттука потребно е дополнително време за идентификување на сите грешки коишто Судскиот совет II наводно ги направил;[5]

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека Подносителот заклучува дека продолжувањето на рокот до 9. септември 2008 за поднесување на најавата за жалба е во интерес на правдата и дека ќе придонесе за фер судење;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека Обвинителството преку емаил се изјасни дека нема да одговори на Поднесокот;

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека роковите на Меѓународниот кривичен суд за поднесување на најавата за жалба во согласност со правилото 108 се од голема важност за успешна подготовка на предметот;[6]

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека според член 16(Б) од Упатството за доделување бранител по службена должност[7] главниот бранител е одговорен за сите аспекти на одбраната;

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека главниот бранител на Подносителот е запознаен со предметот и со списите;

**ЗАКЛУЧУВАЈЌИ,** според тоа, дека причината што одбраната на Подносителот во моментов се состои само од главен бранител, а не од главен и од помошен бранител, не е

---

[3] Поднесок, пар. 4.
[4] Поднесок, пар. 4.
[5] Поднесок, пар. 5.
[6] *Обвинителот против Кајишема и Ружиндана*, Предмет бр. ИЦТР-95-1-А. Пресуда, 1.јуни 2001, пар. 46-47.
[7] ИТ/73/Рев.11.

доволна за да претставува добра причина за оправдување на одобрувањето за продолжување на рокот за поднесување најава за жалба;

**ЗЕМАЈЌИ ИСТО ТАКА ПРЕДВИД** дека Подносителот не покажа дека неговиот предмет е очигледно толку комплексен што вообичаените временски рокови нема да му бидат доволни да ја подготви својата најава за жалба;

**ЗАКЛУЧУВАЈЌИ** оттука дека тврдењето дека Судската пресуда е полна со правни и фактички грешки исто така не е доволно за да претставува добра причина за оправдување на одобрувањето за продолжување на рокот за поднесување најава за жалба;

**НАПОМЕНУВАЈЌИ** дека, во согласност со правилото 108 од Правилникот, Жалбениот совет може, по поднесувањето на најавата за жалба на некоја од страните и ако во поднесокот е претставена добра причина за тоа, да дозволи промена на основата за жалба;

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека и подоцна Подносителот ќе има можност да поднесе до Жалбениот совет дека постои добра причина за промена на основата за најава за жалба доколку така сака;

**ПОРАДИ ГОРЕНАВЕДЕНИТЕ ПРИЧИНИ**

**СО ОВА ГО ОДБИВА** Поднесокот.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

(своерачен потпис на оригиналот)

**О-Гон Квон**

**Дежурен судија**

Датирано од 5. август 2008,

Во Хаг

Холандија

**[Печат на Меѓународниот суд]**